ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ, ЖИВОТНА СРЕДИНА И БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ

Акционерското друштво за производство на конфекциски производи "Мода" – Свети Николе имплементира и одржува Систем за управување со квалитет, животна средина и безбедност и здравје, во согласност со барањата на меѓународните стандарди ISO9001:2015, ISO14001:2015 и ISO45001:2018. Основната стратешка определба на **АД "Мода" – Свети Николе** е да биде препознаена по квалитетот на услугата – **Производство на друга горна облека.**

Како една од водечките текстилни компании, **АД "Мода" – Свети Николе** настојува максимално да ги задоволи ите на своите клиенти во однос на квалитетот, времето на испорака, социјалните и еколошките барања, како и да создадат добри работни услови и работна средина своите вработени.

Земајќи ги во предвид надворешните и внатрешните фактори кои влијаат на компанијата, се обврзува во целост да ја спроведува оваа Политика како рамка за воспоставување и преиспитување на целите за квалитет, животна средина и безбедност и здравје.

АД "Мода" – Свети Николе е компанија која е целосно посветена на:

* Одржување, унапредување и континуирано подобрување на имплементираниот Систем за управување со квалитет, животна средина и безбедност и здравје, според барањата на меѓународните стандарди ISO9001, ISO14001 и ISO45001;
* Поставување на цели за квалитет, животната средина и безбедност и здравје и планови за нивна реализација;
* Континуирана обука и едукација на вработените како основна потпора на Системот за управување со квалитет, животна средина и безбедност и здравје;
* Континуирано подобрување, контрола и следење на квалитетот на услугите, во согласност со очекувањата на клиентите, законските барања и светските трендови;
* Усогласеност со законските и регулаторните барања за заштита на животната средина и безбедност и здравје и други барања на кои компанијата се има обврзано;
* Континуирана соработка со клиентите, како и почитување на пропишаните стандарди за квалитетна реализација на услуги;
* Идентификување на ризиците и можностите, како и дефинирање на ефикасни мерки за елиминирање или минимизирање на несаканите ефекти;
* Намалување на испуштањето на отпадни материи во животната средина и емисии во воздухот, со контрола на загадувањето и каде што е можно да се изврши намалување, рециклирање или ре-употреба на отпадот;
* Преземање на корективни и превентивни мерки за постојано зголемување на квалитетот на услугите;
* Идентификување на секоја потенцијална опасност по безбедноста на работниците;
* Редовна контрола за идентификување на било какви недостатоци во безбедноста на работењето и можност за елиминирање на било каква потенцијална незгода.

Оваа политика периодично ќе се разгледува и преиспитува, и доколку е потребно ќе биде ревидирана на годишно ниво, со цел обезбедување на нејзина постојана адекватност. Политиката е соопштена на сите вработени во компанијата, е јавна и достапна за сите заинтересирани страни.

Свети Николе,
22.03.2021 година

М.П

Акционерско друштво за производство на конфекциски производи МОДА 1 СВ НИКОЛЕ

Директор,
Ангел Димитров